Бр. 12-1543/4
29-03-2019 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на седмата седница одржана на ден 27 март 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-1543/1 од 16.03.2019 година.

Предметот со број 12-1543/1 од 16.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата нема да се достави писмено известување за постапувањето и за заклучокот донесен од страна на ДКСК, поради тоа што нема оставено адресни податоци.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-1543/1 од 16.03.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител без адресни податоци.

Добиената пријава содржи наводи за злоупотреба на службената должност и овластување од страна на поранешен директор на јавно претпријатие на подрачјето на една општина.

На седницата, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во случајот станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување и оцени дека Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за свое надлежно постапување во предметниот случај.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk